РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Министерство за информатичко општество
и администрација
Бр. 11/1-3669/8
11.12.2019 год.
СКОПЈЕ

# Записник од продолжението на втората седница на Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК)

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Место на одржување** | Министерство за информатичко општество и администрација<br>сала за состаноци – кабинет на министер | | |
| **Датум** | 28.11.2019 година | **Време** | 10:00 – 14:00 часот |
| **Бр. на седница** | Продолжение на втора седница | | |
| **Состанокот го води** | Димитар Буковалов, претседател на НКБК | | |
| **Учесници** | Поканети:<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател<br>3. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>4. Сашко Мукаетов – член на НКБК<br>5. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>6. Славица Настеска – член на НКБК<br>7. Имер Далипи – член на НКБК | Присутни:<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>3. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>4. Славица Настеска – член на НКБК<br>5. Имер Далипи – член на НКБК | |
| **Други поканети на состанокот** | | Милан Николовски – ИБИС инструментс<br>Гоце Талевски – МЕПСО<br>Јасмина Спасовска - МЕПСО | |
| **Логистичка поддршка** | Владимир Соколов, МИОА<br>Мишко Талески, МИОА | | |

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на предлог записникот од продолжението на втората седница;

5. Имплементација на Мерката од точка 1.2 во НОБП: Потреба од ажурирање на утврдените бели, сиви и црни зони од страна на АЕК;

6. Имплементација на Мерката од точка 1.10 во НОБП: Потреба АЕК да започне мапирање на користењето на услугата пристап до интернет по населено место;

14. Имплементација на Мерката од точка 1.11 во НОБП: "АЕК во рок од 6 месеци од денот на усвојување на НОБП, во соработка со ВСО и ЈП МРД, а во консултација со единиците на локална самоуправа ќе подготви и објави План за имплементација на активности за промоција на бродбендот. Во Планот, покрај другото ќе бидат наведени видовите на активности, целните групи и конкретни временски рамки."

15. Информирање од страна на АД МЕПСО за идните чекори, планови и активности поврзани со реализацијата на проектот Balkans Digital Highway.

## БЕЛЕШКИ

Продолжението на втората редовна седница го отвори претседателот на НКБК, Димитар Буковалов, кој утврди дека се присутни потребен број на членови, со што НКБК може полноважно да одлучува.

**За првата точка од дневниот ред:**
Во однос на првата точка, членовите на НКБК без забелешки и приговори го усвоија записникот од продолжението на втората седница, одржана на 14.11.2019 година.

**Заклучок по однос на 5-та, 6-та и 14-та точка од дневниот ред:**
Од страна на членовите на НКБК едногласно беше прифатено во однос на точките 5, 6 и 14 од Дневниот ред на втората седница да се побара официјален писмен одговор од страна на Агенцијата за електронски комуникации.

**За 15-та точка на дневниот ред:**
На продолжението на седницата учество зедоа претставниците од МЕПСО – Гоце Талевски , директор на ИТ и ТК и Јасмина Спасовска, проект менаџер. Тие информираа за нивните активности и планирани идни чекори поврзани со реализација на проектот Balkans Digital Highway, нагласувајки дека плановите се во насока на модернизација на опремата од причина што постоечката е застарена.

Исто така, претставниците на МЕПСО потенцираа дека тоа го прават за сопствени потреби, немајки притоа амбиции за нудење на сервиси или за ширење на дејноста во насока да станат телеком оператор во блиска иднина. Проект менаџерот на МЕПСО, Јасмина Спасовска, нагласи дека поднесената апликација од до WBIF е со цел добивање на експертска помош за процена на капацитетите на нивната мрежа, во чии рамки се и земјите од регионот: Албанија, Косово и Црна Гора.

Надворешниот соработник, Милан Николовски, констатира дека при идното планирање и модернизација на опремата на МЕПСО, треба да се има предвид и можноста за споделување на капацитетите со МРД. Во однос на тоа, од страна на МЕПСО беше искажана волја за целосна кооперативност, нагласувајќи дека доколку им бидат дадени конкретни податоци и информации од страна на МРД за идната планирана НТОМ мрежа, тие би можеле да излезат во пресрет согласно нивните можности.

Претседателот на НКБК, Димитар Буковалов, укажа на потребата при подготовката на физибилити студијата, АД МЕПСО да ги има предвид потребите на НОБП.

Исто така, Буковалов ги информира претставниците на МЕПСО за формирањето на новата Дигитална агенција и нејзините надлежности кои ќе ги има во областа на бродбендот.

**Заклучок:**

Членот на НКБК, Славица Настеска, за следното продолжение на втората седница закажано за следната недела, ќе подготви информација по однос на точката од дневниот ред - Подготовка на табела/анализа за споредба на развојот на бродбендот во државата во однос на развој на бродбенд пазарот во Европската Унија, согласно со DESI (The Digital Economy and Society Index);

Записникот го водеше **Владимир Соколов** __________

Претседател на НКБК **Димитар Буковалов** __________

# Национална канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК)

## Министерство за информатичко општество и администрација

Датум на одржување 28.11.2019 год.

Листа за присуство на состанокот

| Членови на НКБК | | Други поканети на состанокот | | |
|---|---|---|---|---|
| **Име и презиме** | **потпис** | **Име и презиме** | **Потпис** | **Контакт** |
| **Димитар Буковалов** | | Мелон Неколовска | | 071397007 |
| **Анастас Мишев** | | Тилевски Тоше | | |
| **Боро Јакимовски** | | Јасмина Спасовска | | |
| **Сашко Мукаетов** | | | | |
| **Зоран Дервишов** | | | | |
| **Славица Настеска** | | | | |
| **Имер Далипи** | | | | |